ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655
Matični broj: 3805760; Žiro račun: 2340009-1100038804; e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 97 – 1/2004
Загреб, 11. 12. 2004.

# З А П И С Н И К

од **3. седница** на Управниот Одбор на Заедницата која се одржа на ден **11.12.2004. година** со почеток во **11.20 часот** во просториите на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, Загреб, Реметинечка цеста 79 ц.

**Присутни членови:** С. Сагадин – Пула – претсед. на Заедницата, Т. Јовановска – Задар, Ј. Цветичанин – Осиек, и Н. Гроздановски – Загреб.

**Отсутни членови:** В. Апостолски – Сплит (кој во писмена форма го оправда своето отсуство – прилог), И. Христодулов – Риека (исто така го оправда своето отсуство преку пораката од мобилен телефон) и М. Гиговски – Загреб.

**Гости:** А. Рабузин – секретарка на Заедницата и Е. Жугај – адм. секретарка на Заедницата, М. Апостоловска – Вујаклија, М. Паризоски, и Б. Павловски – членови на стручната работна група на Заедницата

Седницата ја водеше претсед. на УО на Заедницата – С. Сагадин. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки, претсед. го прочита дн. ред за оваа седница и по читањето на истиот, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** и седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 2. седница;
2. Анализа на активностите од претходната седница до денес;
3. Донесување на одлуки за разрешување на некои членови од редакцискиот одбор на Македонски глас и именување на нови;
4. Извештај за проблематиката во Заедницата од страна на некои членови од МКД „К. Мисирков„ – Загреб и донесување на одлуки за решавање на настанатата ситуација;
5. Донесување на одлука за распишување на оглас за вработување во сталeн работен однос на административна секретарка на Заедницата;
6. Разно.

**Ад. 1.** По завршената дискусија членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија записникот** од втората седница на УО.

**Ад. 2.** По оваа точка на дн. ред извести секретарката на Заедницата А. Рабузин и по спроведената дискусија со јавно гласање членовите на УО **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

1. Реализирањето на списанието „Мак.глас„ досега е извршено во потполност према планот, сите трошкови за бр. 39 се платени и одлучено е да последниот број за оваа година – бр. 40 биде отпечатен најкасно до 20.01.2005. год., а за истиот сите дописници прилозите да ги достават до крајот на оваа год.;
2. Реализацијата на книгата „Танго„ од М. Апостоловска тече по планот, одн. према уговорот со печатницата (цена за печатење на 700 примероци - 13.424,88 кн, печатењето е во целост платено), а од останатите 5.575,12 кн. се донесе одлука да се исплатат хонорарите на авторот М. Апостоловска и С. Дисоски (Бранка Перишиќ), кој беше задолжен за графичка, ликовна и компјутерска обработка во износ од 2.500,00 кн. за М. Апостоловска и 100 книги, а за С. Дисоски 1.800,00 кн. (хонорарите да бидат ускладени со сите давања во вкупен износ од спомнатите преостанати средства);
3. Донесена е одлука да во иднина на членовите и гостите на УО секогаш се поклонува по една нова книга која ќе излезе од печат преку Заедницата како и на сите друштва да им се доделат по 5 книги како поклон и по 20 книги за понатамошна продажба;
4. За книгата „Танго„ донесена е одлука цената за слободна продажба да изнесува 30,00 кн, а на Министерството за култура да се понудат 100 книги за откуп по цена од 50,00 кн.;
5. За книгата „Од текста до представе„ г. Б. Павловски се извини пред присутните што досега не успеал да ја заврши книгата поради оправдани причини и рече дека ќе се потруди тоа да го направи што побргу, одн. до крајот на оваа година, со што присутните се согласија. Од предвидените 21.000,00 кн, донесена е одлука печатењето да се изврши по уговор со печатница во износ од 19.886,00 кн, кој ќе биде исплатен во еден оброк, а за 400 примероци, а од преостанатите средства - 1.114,00 кн. да се изврши исплата за трошковите на авторот преку патен налог и да му се отстапат 100 книги;
6. Одлучено е да продажната цена на оваа книга биде 50,00 кн, а за откуп цената да се формира накнадно;
7. УО го прифати предлогот на г-дин Б. Павловски да направи список на адреси, на кои во иднина би се доставувале примероци на книги печатени од Заедницата, а со цел за ширење на македонската култура и истиот да го достави на Заедницата;
8. УО беше информиран за предадените програми за 2005. год. до Советот за нац. малцинства најкасно до 19.11.2004., со напомена дека програмите од друштвата од Сплит и Загреб не беа изработени спрема формуларите кои беа пратени од Советот, а програмот од друштвото од Риека воопшто не беше пратен до Заедницата, туку претседателот И. Христодулов се обврза дека тој директно ќе го прати до Советот. Како во меѓувреме не беше контактирано со него, Заедницата нема повратна информација дали навистина е пратен нивниот програм до Советот во рокот, како и тоа дека Заедницата нема копија од тој програм;
9. УО го прифати предлогот на г-дин Н. Гроздановски да се направи план и програм за работа на Заедницата за 2005. год. со сите програми на друштвата;
10. УО беше информиран дека на сите друштва е пратен допис за предавање на извештаите од 01.-09.2004. год. за Советот, со молба сите да се придржуваат на рокот, кој гласи до 15.12.2004. год. (прилог) и дека извештајот на Заедницата е изреализиран и поделен на присутните;
11. Што се однесува до проблематиката со заинтересираноста за соработка на друштвото во Сплит со останатите друштва и со Заедницата, претседателката С.

Сагадин даде предлог на почетокот на идната година да се отиде во Сплит и да се поразговара со членовите од друштвото во врска со таа проблематика, кој беше прифатен. Во врска со тоа, Т. Јовановска рече дека во тоа друштво има луѓе кои се заинтересирани за плодна и успешна соработка со останатите друштва и со Заедницата и дека треба само да се контактира со нив за потполна реализација;

12. УО донесе одлука да се изврши трансфер за 11. месец: 3.000,00 кн за Осиек и 2.000,00 кн за Пула, а целосниот трансфер во изминатиот период во вид на табела, на присутните им беше даден како прилог;

На крајот на оваа точка од дн. ред, пак беше нагласено да сите друштва достават до Заедницата важечки адреси, тел. броеви и др. податоци кои се потребни за несметано понатамошно извршување на тековните работи, како и програми и извештаи за Советот (прилози од поранешните дописи).

**Ад. 3.** Претседателката С. Сагадин ги информира членовите за настанатите промени во вршењето на должноста на – лектор и секретар на списанието „Макед. глас„ и по завршената дискусија, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа** следниве одлуки:

- **се разрешува А. Штефанчиќ од членство во редакцискиот одбор - лекторка на списанието „Макед. глас„;**
- **се именува Марија Георгиева – Петриќ за лекторка на списанието „Макед. глас„;**
- **се разрешува Анка Рабузин од членство во редакцискиот одбор – секретарка на списанието „Макед. глас„;**
- **се именува Елизабета Жугај за секретарка на списанието „Макед. глас„;**
- **овие одлуки стапуваат на сила од денот на донесувањето;**

Во понатамошната дискусија, присутните изнесоа свои предлози и мислења за прилозите во списанието „Макед. глас„ бр. 40 и за понатамошните броеви на списанието после што, со јавно гласање **едногласно се донесени следните одлуки:**

1. Во бр. 40, секретарката А. Рабузин да напише прилог за организациските прашања на Заедницата;
2. Повторно да се врати рубриката „Македонски правопис„;
3. Еднаш до двапати годишно да се пишуваат прилози за Македонци кои се познати во Р. Х., а не се толку активни членови во друштвата и Заедницата (прилог М. Ничота);
4. Во секој број од различни друштва да биде портрет на некој од членовите и да се објавуваат песни од членови аматери – поети;
5. Да се напише статија за името на Македонија од трибината што ја одржа ХМД;
6. М. Апостоловска да направи ценик за исплата на хонорарите на дописниците на „Макед. глас„ кој ќе биде обликуван по важноста и големината на прилозите, а ценикот да се достави до Заедницата во писмена форма;
7. Заедницата да прати допис до ХМД со предлог да М. Паризоски биде службен дописник од страна на Заедницата за нивните активности, и дека од секој број ќе се испраќаат по 20 бесплатни примероци на „Макед. глас„ на адреса до тоа друштво;
8. М. Паризоски и понатаму да биде службен дописник и за МПЦ, МПЦО „Св. Злата Мегленска„ и „Советот за нац. малцинства за Град Загреб„.

**Ад. 4.** За оваа точка од дн. ред, претседателката С. Сагадин на самиот почеток даде објаснување на присутните за донесената одлука на УО за откажувањето на користење на просториите на Заедницата, на МКД „К. Мисирков„ кое беше поткрепено со прилозите од

изјавите на претседателите на сите друштва. Е. Жугај го прочита Записникот за насилно променетата брава на влезната врата од просториите на Заедницата од страна на И. Качуров и ги запозна присутните со таа проблематика заради која беше оневозможена несметана работа на самата Заедница (прилог), и заради која, на Заедницата и беше нанесена голема штета на угледот и беше изложена на големи и непредвидени издатоци. Се истакна дека И. Качуров за настанатата ситуација се повикува на решение дека тој е претседател на МКД „К. Мисирков„ за кое Заедницата нема никаков службен писмен документ. Воедно, на тоа решение, во Градскиот уред за општа управа од страна на друштвото правовремено е поднесена жалба. Поради тоа што И. Качуров ги променил верифицираните потписи во банка за да може да ги користи средствата од жиро сметката на друштвото (прилог), Заедницата направи сè што можеше да се изврши поврат на тие средства или привремено да се замрзнат, меѓутоа, во контакт со правната служба од банката беше информирана дека тоа е невозможно без судски налог. Во дискусијата по оваа точка се вклучија сите присутни и го изразија своето жалење и незадоволство од начинот на однесувањето на И. Качуров према Заедницата и Македонците воопшто. По завршената дискусија, а врз основа на сите податоци кои беа изнесени, а по точка 20. од Статутот на Заедницата, УО со **јавно гласање донесе одлука (со еден воздржан глас – Ј. Цветичанин** – иако се сложи со сите констатации кои беа изречени за МКД „К. Мисирков„ претседателката на друштвото од Осиек во договор со своите членови, остана воздржана**):** МКД „К. Мисирков„ се исклучува од членството на Заедницата поради меѓучовечни и правни проблеми со предлогда се формира ново друштво кое ќе носи ново име.

Заради настанатата ситуација УО со јавно гласање **едногласно ги донесе следните одлуки:**

1. Сите членови од стручната работна група и комисијата за изработка на Статутот на Заедницата се директни членови на Заедницата (без плаќање на членарина);
2. М. Гиговски, именуван потретседател на Заедницата, на оваа функција е во фаза на мирување;
3. Да се пратат дописи до Советот, Уредот и Амбасадата со информација дека од страна на Заедницата и во нејзино име, можат да комуницираат: С. Сагадин, претседателка, А. Рабузин, секретарка и Е. Жугај, адм. секретарка, а претседателите на друштвата само во случај кога имаат потреба за договор и реализација на одредени програми. Од сите други поединци кои се јавуваат до тие институции, Заедницата се оградува.

Претседателката С. Сагадин ги информира присутните дека во врска со просторот во кој делува Заедницата покрената е постапка за разрешување на власничкиот однос. Сите потребни документи се доставени до Амбасадата и побарана е помош од нивна страна да се реши ова прашање.

**Ад. 5.** По оваа точка од дн. ред, претседателката С. Сагадин објасни дека према информациите од Советот имаме назнаки за добивање на поголеми средства за режиски трошкови, што може да ни овозможи вработување во стален работен однос на административното лице. За сите поединости околу тоа извршени се консултации со книговодителот и Заводот за запослување, а према претходните одлуки на УО (претходни седници). Од Заводот за запослување дадена е информација дека тој софинансира во исплатата на бруто плата на запослениот – 37,20% доколку истиот биде во работен однос најкратко година дена, ако работниот однос се продожи за уште најмалку една година, дава еднократна помош во износ од 1000 евра. Према пресметката на книговодителот со сето ова напред речено, Заедницата би можела овие трошкови да ги подмири, бидејки со сите поволности за вработеното лице, тие тршкови би биле скоро како и сегашните

трошкови према уговорот за работа (прилози). По спроведената дискусија, УО со јавно гласање **едногласно ги донесе следните одлуки:**

1. Према сите упатства да се исполнат потребните формулари за вработување на адм. секретарка на Заедницата, Елизабета Жугај во сталeн работен однос на полно работно време (стварно работно време од 08 – 13 часот);
2. Работниот однос да започне со 01.01.2005. год.;
3. Према упатствата на Заводот се задолжува секретарката на Заедницата А. Рабузин во наредните шест месеци да ја упати во целосната работа.

**Ад. 6.** По дискусијата на оваа точка од дн. ред, УО со јавно гласање **едногласно ги донесе следните одлуки:**

1. Заради неподмирените режиски трошкови од страна на МПЦ и МПЦО „Св. Злата Мегленска„ према одлуките на УО истите да се подмират во канцелариски материјал и средства за чистење во износ од 500,00 кн. за 2004. год., а во износ од 1000,00 кн. за 2005. год. во два оброка. (500,00 кн. до крајот на јуни и 500, 00 кн. до крајот на годината);
2. Друштвата насловот на Заедницата да го користат на пристапниците и на позивниците за културните манифестации кои се на ниво на цела Заедница и финансирани од страна на Советот, а самосталните манифестации кои не се финансирани од Советот на позивот да не биде насловот на Заедницата;
3. Према дописот од Советот во име на Заедницата на семинарот кој ќе се одржи на 15. и 16.01.2005. год. да присуствуваат претседателката С. Сагадин и секретарката А. Рабузин;
4. Т. Јовановска информира дека Македонците од Пожега имаат желба да формираат друштво за што имаат покренато постапка за застапеноста на македонската популација од тој крај и очекуваат подршка од Заедницата. Одлучено е Заедницата да им помогне со сите потребни податоци за формирање на новото друштво;
5. Ј. Цветичанин информира дека по предлогот на В. Апостолски да се постави споменик на браќата Миладиновци, нема потреба, зошто споменик веќе постои.

Седницата заврши во 14.35 часот.

Записничарка:

Елизабета Жугај

А. Р./ Е. Ж.

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ

Претседателка:

Славица Сагадин